**20180450891**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

☐Врз основа на член 9 став 1-б точка 3 и став 3, член 33, член 35 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/2016 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 26 февруари 2018 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија“ број 33/2011, 66/2011 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 46/2015, 211/2015 и 158/2016), во член 11 став 1, по зборот „ортопедски “ се додаваат зборовите: „и други“.

Во ставот 2 на членот 11 по зборот „ортопедски“ се додаваат зборовите: „и други“ и се брише зборот „исклучиво“.

Во член 11 ставот 3 се менува и гласи:

„Фондот може да склучува договори и анекси на договори со правните лица за обезбедување на ортопедски и други помагала, анекси на договорите за продолжување на важење на договорот, анекси на договори за додавање на ново помагало во листата, анекси на договори за додавање на помагало од друг производител и без објавување на јавен повик, а врз основа на поднесено барање од правните лица.“

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Одлуката за одобрување на барањето од ставот 3 на овој член за склучување на договори и анекс договори со правните лица за обезбедување на ортопедски и други помагала, ја носи Управниот одбор на Фондот.“

Досегашните ставови 4, 5 и 6 стануваат 5, 6 и 7 и остануваат неизменети.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-3304/8
8 март 2018 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Верица Проковиќ,** с.р.